РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1950/2
21-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-350/1 од 20.01.2025 година, оформен по наводи за сомневање за сторена кражба на работна градежна машина за дробење и сепарација на камен во сопственост на фирмата „---------- --------------“ ДООЕЛ Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за предметните наводи и пријавените дејствија постапува друг надлежен орган – ОЈО Охрид

Предметната пријава да се достави на надлежно постапување на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-350/1 од 20.01.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 20.01.2025 година, доставена е пријава со наводи за сомневање за сторена кражба на работна градежна машина за дробење и сепарација на камен во сопственост на фирмата „„---------- --------------“ ДООЕЛ Скопје, по што оформен е предмет број 12-350/1 од 20.01.2025 година. Во пријавата е наведено дека истата е доставена на надлежно постапување и до Основното јавно обвинителство Охрид, а од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно нејзините надлежности.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање до Јавното обвинителство на РСМ, за произнесување со достава на прилог документација во однос наводите изнесени во предметната пријава. По доставено барање од

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

ДКСК добиен е одговор од Јавното обвинителство на РСМ со прилог допис од Основното јавно обвинителство Охрид за оформен предмет по пријавените наводи и дејствија со број КО -----------/-------- од --.--.------- година.

Имајќи во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметните наводи и пријавените дејствија постапува друг надлежен орган – ОЈО Охрид, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот поради што пријавата ќе ја достави на надлежност на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата